РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр 14-835
08.05.2018 година
С К О П Ј Е


Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 12.07.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Viëra Вредност Value |
| 03 | 807 | 6 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Германски јазик и литература на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Германски јазик и литература на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово се обрати со барање со број 03-807/1 од 26.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-835 од 28.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Германски јазик и литература на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со Решение бр. бр.19-445/4 од 23.11.2017 година година.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-835 од 17.04.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 14-835 од 20.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставено до:
- Примачот
-Архива
изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити